Јавно претпријатие за заловување и третман
на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА
Бр. 03-156/1
27.02.2026 год.
Струмица

Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња
**СТАЦИОНАР – ЛАНА** Струмица
Ул. ДИМИТАР ГАЛЕВ БР.1 Б СТРУМИЦА
E-mail: admin@lana.mk
Тел: 070- 275-615
www.lana.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РАБОТАТА НА ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА СТРУМИЦА – СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025 ДО 31.12.2025 год**

**Струмица, Февруари, 2026**

ЈПЗБК Стационар – Лана Струмица е Јавно претпријатие основано од Советот на општина Струмица со цел хумано, систематско и трајно да се намали популацијата и да се зачува благосостојбата на бездомните кучиња на територијата на општина Струмица.

ЈПЗБК Стационар Лана Струмица има својство на правно лице со права , обврски и одговорности уврвдени со Закон, Статут на претпријатието и актите за организирање на Јавното претпријатие. Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и на своја сметка и за обврските одговара со цела одговорност.

Целосниот назив гласи :Јавно претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица

Кратко име: ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица

Матичен број : 7569769

Даночен број: 4027022535358

Адреса : Димитар Галев бр.1Б Струмица

Големина на друштвото: микро

Организациионен облик : 03.9- други јавни претпријатија

Шифра на дејност:01.49 – одгледување на други животни

Основниот влог на Општина Струмица како основач на ЈПЗБК СТАЦИОНАР –ЛАНА Струмица е уплатен на жиро сметката во износ од 4.500.000,оо денари, и е евидутиран на конто 9005 -основна главнина на јавно трговско друштво.

Со одлука бр.05-356/1 од 05.06.2023 Општина Струмица како основач на ЈПЗБК СТАЦИОНАР -ЛАНА Струмица ја зголеми основната главнина на јавното трговско друштво за износ од 350.000,оо денари и истиот износ е уплатен на жиро сметката во износ од 350.000,оо денари, и е евидентиран на конто 9005 -основна главнина на јавно трговско друштво, при што со ова зголемување вкупниот износ на основна главнина на ЈПЗБК Стационар ЛАНА – Струмица изнесува 4.850.000,оо денари.

## Вовед

ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица е јавно претпријатие чија основна цел е хуман третман и контрола на популацијата на бездомните кучиња на територијата на Општина Струмица. Работата на стационарот е насочена кон заштита на животните, јавната безбедност и развивање култура на одговорно сопственииштво.

## Основни дејности

Согласно прописите од областа на ветеринарното здравство, стационарот врши:

- Заловување и привремено сместување на бездомни кучиња во прифатилиштето.
- Медицински третмани: кастрација, стерилизација, вакцинација, лекување, тестирање за лајшманиоза и социјализација.
- Редовно хранење, напојување и обезбедување здравствена заштита.
- Контрола на популацијата на бездомни кучиња преку хумани методи.
- Одбележување со микрочип за идентификација и водење евиденција за сите заловени, третирани и вдомени/вратени кучиња.
- планови и програми кои се доставуваат до Советот на Општина Струмица за одобрување.

## Кастрација и стерилизација – хуман пристап

Кастрацијата и стерилизацијата се клучни интервенции за хуманото намалување на популацијата на бездомни кучиња. Со нив се спречува неконтролирано размножување, се подобрува здравјето на животните и се намалуваат ризиците од преносливи болести и агресивно однесување. Овој пристап е меѓународно препознаен како најодржливо и најхумано решение за долгорочна контрола на популацијата.

## Соработка со граѓаните

Стационарот активно соработува со граѓаните преку:Прием на пријави за појава на бездомни кучиња на одредени локации.

- Интервенции на терен за заловување и обезбедување соодветен третман.
- Промоција на вдомување преку веб-страницата и социјалните мрежи.
- Поттикнување јавна свест за одговорно сопственииштво и хуман однос кон животните.

Органи на претпријатието се

- Управен одбор кој брои 5 члена (1 -претседател + 4 членови) избрани од основачот на претпријатието т.е Советот на општина Струмица

- Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење, избрани од основачот на претпријатието т.е Советот на општина Струмица кој брои 5 члена (1 - претседател + 4 членови)
- Директор
  Претпријатието го застапува и претставува директорот на претпријатието.
  Врз основа на надлежностите утврдени со Закон, Одлуката за основање на претпријатието и Статутот на претпријатието, а заради успешно и ефикасно извршување на работите, хиерархиската поставеност се утврдуваат следните нивоа:

  Директор

- Сектори и одделенија.

Заради обезбедување на меѓусебно поврзаните области и функции во надлежност на ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица, со цел за поефективна и поефикасна организација, координација и соработка во ЈПЗБК Стационар-Лана Струмица се формираат следниве сектори со одделенија:

**1.Сектор за административни работи и управување со човечки ресурси**

- Следење на закони и подзаконски акти поврзани со финансии и јавни набавки.
- Подготовка на акти, записници, одлуки и документација за органите на управување и основачот.
- Организација на архивско и канцелариско работење, прибирање и чување документација.
- Координација на состаноци на директорот и подготовка на информации и извештаи.
- Одговори на поднесоци и барања од странки, комплетирање документи за судски и управни постапки.
- Управување и контрола на финансиски план, приходи и трошоци; сметководствено евидентирање и годишна сметка.
- Благајничко работење и обработка на сметководствена документација.
- Пресметка на плати.
- Подготовка и реализација на годишен план за јавни набавки, водење постапки и регистар, следење на договори.
- Обезбедување пристап до информации од јавен карактер и навремено одговарање на барања и жалби.

- Примена на закони и прописи за човечки ресурси.
- Учество во постапки за вработување, унапредување и мобилност.
- Подготовка на акти за организација и систематизација, правилници за наградување и работа.
- Планирање на потребен број извршители и обезбедување правилна примена на права од работен однос.
- Спроведување постапки за избор на јавни службеници и подготовка на одговори на жалби.
- Подготовка на спогодби за вработување и следење на нивната реализација.

- Комуникација со Советот на Општина Струмица, МИОА, Агенцијата за администрација и други институции.
- Поддршка во селекција, воведување во работа и менторство.
- Развивање бази на податоци и содржини за управување со човечки ресурси.
- Обезбедување на пристап до информации од јавен карактер: секторот за административни работи и човечки ресурси со овластено лице одговорно за комуникација со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и врз основа на горенаведените работни обврски и задолженија е одговорно за навремен и квалитетен одговор на сите Барања за пристап до информации од јавен карактер од граѓаните односно правните и физичките лица во Република Северна Македонија. Обезбедува и одговори по жалби и решенија од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на незадоволните странки од донесените решенија по Барањата за пристап до информации од јавен карактер од граѓаните односно правните и физичките лица во Република Северна Македонија.
-

-

**2.Сектор за благосостојба на бездомни кучиња**

- одделение за заловување и транспорт на бездомни кучиња

- одделение за медицински третман на бездомни кучиња и

- одделение за згрижување и вдомување на бездомни кучиња

**Одделение за заловување и транспорт на бездомни кучиња** ги врши следните работи:

-Ги заловува бездомните кучиња и кучињата затекнати на јавни површини кои не се придружувани од одговорно лице

-Ја изготвува програмата за заловување и прави детален план за времето и местото на заловување;

-Ги регистрира сите податоци поврзани со заловувањето;

-Ги транспортира заловените кучиња до прифатилиштето;

-Одговара на пријава за каснување од куче и врши интервентно заловување;

-Ги транспортира стерилизираните,вакцинирани и обележани кучиња на местото од каде што биле заловени;

-Ги транспортира угинатите и евтаназирани кучиња до соодветно место пропишано со закон;

-Ги одржува опремата и возилата и врши редовна дезинфекција на истите.

**Одделение за медицински третман на бездомни кучиња** ги врши следните работи:

-Преглед и регистрирање на заловените кучиња;

-Земање крв за анализа и за тестови за одредени болести,согласно законот;-терилизирање/кастрирање на кучињата,по претходна проценка и селекција извршена од ветеринарниот лекар;

-Терапија ,редовни прегледи и нега на кучињата во постоперативниот период;

-Вакцинирање,третирање против внатрешни и надворешни паразити и други интервенции,согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните;

-Третман и лекување на болни кучиња;

-Евтаназија на многу болни и агресивни кучиња,согласно Правилникот;-Ветеринарниот лекар,по потреба ги придружува заловувачите при заловување на агресивни кучиња ,со цел дозирање на средството за седација и

-Ја води сета потребна документација за работењето на одделението.

**Одделение за згрижување и вдомување на бездомни кучиња** ги врши следните работи:

-Активности поврзани со хранење, напојување и сместување на бездомните кучиња;

-Следење на состојбата на кучињата по медицинскиот третман, а особено во постоперативниот период;

-Се грижи за одржувањето и хигиената на боксовите во кои се сместени кучињата, како и за нивна дезинфекција;

-Ги организира дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата на целото прифатилиште;

-Се грижи за дозирањето и складирањето на храната за кучиња

-Се грижи за одржувањето ,складирањето и дезинфекцијата на опремата која се користи во одделението;

-Помага при организирање и спроведување на процесот на вдомување;

-Ги извршува сите активности што се однесуваат на хигиената на кучињата, како бањање,чешлање и стрижење;

-Им овозможува на кучињата редовни прошетки и игра;

-Се грижи за посетителите и вдомувачите;

-Организира тест за социјализација, дресирање и по потреба, постапки за ресоцијализација на кучињата и

-Ја води целокупната документација за сите постапки во одделението.

## ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА РАБОТАТА

Јавното Претпријатие за заловување на бездомни кучиња работи според Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начин и содржината на податоците за водење на евиденцијата и начинот на вршење на надзор издаден од Агенцијата за храна и ветеринарство, Годишна наредба за здравствена заштита на животните за 2025 (Службен весник на РСМ, бр. 54 од 11.3.2025 година) донесена од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Нашето работење е во согласност и со Законот за заштита и благосостојба на животните (Сл. Весник на РМ бр. 53 од 13.10.2014) , Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосотојба на животните (Сл. Весник на РМ бр. 53 од 21.03.2016) ,Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22), ЗАКОН ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО (Сл. Весник на Р. Македонија бр.113/07 од 20.09.2007 год.,) Закон за Идентификација и регистрација на животните ( Сл. Весник бр. 95/2012 и 27/14)

Со извршување на нашата основна дејност залов́ување и хуман третман и благосостојба на бездомните кучиња по принципот заловување-дехелментизација- третирање – стерилизација-вакцинација – враќање на место на заловување или вдомување, ЈПЗБК Стационар Лана Струмица активно работи за решавање на проблемот со бездомните кучиња на територијата на Општина Струмица.

Исто така во 2025 година имаме склучено договор за заловување и хуман третман на бездомни кучиња со Општина Ново Село, Општина Дојран, Општина Радовиш, Општина Богданци, Општина Валандово и со Општина Босилово.

Во овој годишен извештај за работата на ЈПЗБК Стационар Лана Струмица, поопширно и поедноставено следува приказ за нашата работа која ја извршуваме на територијата на Општина Струмица, како Јавно Претпријатие кое е во служба на заштита на здрвјето на граѓаните и нивната безбедност.

Во периодот од 01.01.2025 до 31.12.2025, на територијата ***на општина Струмица*** има заловено 177 бездомни кучиња со селекциски ушни маркици во портокалова боја од 202/24 -233/24 и од 01/25 до 144/25 бо бела боја.

Од нив 77 бездомни кучиња се женски пол а 100 бездомни кучиња се машки пол. Во 2025 извршени се вкупно 146 кастрации/стерилизации на овие прв пат заловени бездомни кучиња. Од прво заловените вдомени се 38 бездомни кучиња. Вратени на терен 86 до 31 12.2025. Од овие прв пат заловедни 177 бездомни кучиња позитивни на болеста лајшманиоза беа 12 кучиња кои согласно Годишната наредба за заштита на животни за 2025 година издадена од Агенцијата за храна и ветринарство беа евтанизирани. Бројот на угинати кучиња во 2025 година е 8. Бројот на бездомни кучиња кои не го положиле тестот за социјализација е 8, а се евтанизирани само 4. Другите 4 се вдомени од страна на вдомувачи кои при апликацијата, пополнуваат и

соодеветн изјава за вдомување на бездомно куче кое не го положило тестот за социјализација.

Во оваа бројка влегуваат и заловени 9 кучиња кои имаа микрочипови кои не припаѓаа на опсегот на микочипови на македонскиот информационен систем на Агенцијата за храна и ветеринарство или сопственици кои се имаат откажано од нив и затоа тие влегоа во протокол како бездомни кучиња.

Од овие првозаловени бездомни кучиња во Стационарот на 31.12.2025 година престојуваат 29 кучиња..

Кон оваа бројка ја додавеме и бројката од 49 бездомни кучиња кои беа со ушни маркици и идентификациони микрочипови од нашето прифатилиште но, беа заловени по пријава на граѓани. Од нив 27 се вдомени, 13 вратени на место на заловување, 8 сеуште се во нашето прифатилиште и 1 угинато во прифатилиште за кое мораме да напоменеме дека е донесено затруено од несовесни граѓани при што и покрај нашата несебична ангажираност не успеавме да го спасиме.

Во општина Струмица заловени се и 18 кучиња со сопственик, кои беа заловени на јавна површина Во соработка со овластениот ветеринарен инспектор на Агенцијата за храна и ветеринарство, подрачна единица Струмица ја спроведуваме соодветната законска процедура за заловените кучиња со сопственик. Односно, освен што ги информираме сопствениците на заловените идентификувани кучиња, го известуваме и овластениот инспектор. Потоа се повикува сопственикот на заловеното куче со микрочип од страна на овластениот ветеринарен инспектор во просториите на Стационар Лана Струмица или во просториите на Агенцијата за храна и ветеринарство ПЕ Струмица во Струмица. Доколку кучето е прв пат заловено на јавна површина, се дава писмена опомена на сопственикот.

Сопственикот на кучето кое е заловено на јавна површина го плаќа трошокот за заловување и престојот во прифатилиштето до денот на преземањето. Оваа е симболичен трошок. Во случај кога Ветеринарните амбуланти заедно со сопствениците на кучињата ги внесуваат сите основни податоци за кучето и за неговиот сопственик во Информациониот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство, граѓанинот го известуваме во рок од 24 часа, или праќаме писмено известување на адресата која е заведена во Информациониот систем при Агенцијата за храна и ветеринартство.

**Табела 1. Преглед на заловувања (Вкупно) за Општина Струмица**

| Оваа табела ја прикажува основната категоризација на сите заловени кучиња.**Категорија на заловени кучиња** | **Број на кучиња** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| **Ново заловени** (бездомни, прв пат) | **177** | 77 женски пол / 100 машки пол |
| **Повторно заловени** (со ушни маркици за идентификација ) | **49** | По пријава на граѓани |

| Оваа табела ја прикажува основната категоризација на сите заловени кучиња.**Категорија на заловени кучиња** | **Број на кучиња** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| **Кучиња со сопственик** | **18** | Заловени на јавна површина |
| **ВКУПНО ЗАЛОВЕНИ** | **242** | |

**Табела 2. Преглед на прв пат заловени бездомни кучиња во 2025 по месеци за Општина Струмица**

| **Месец** | **Број на заловени кучиња** | **Дневен просек на заловување** |
|---|---|---|
| **Јануари** | 6 | 0.19 |
| **Февруари** | 12 | 0.43 |
| **Март** | 20 | 0.65 |
| **Април** | 15 | 0.50 |
| **Мај** | 9 | 0.29 |
| **Јуни** | 16 | 0.53 |
| **Јули** | 16 | 0.52 |
| **Август** | 7 | 0.23 |
| **Септември** | 13 | 0.43 |
| **Октомври** | 6 | 0.19 |
| **Ноември** | 21 | 0.70 |
| **Декември** | 36 | 1.16 |
| **ВКУПНО** | **177** | **0.48** |
| | | |

- **Пик на заловување:** Најголем интензитет на работа на терен е забележан во **декември**, со просек од **1.16** кучиња дневно.

- **Најмирен период:** Почетокот на годината (**јануари**) и средината на есента (**октомври**) биле месеци со најмала фреквенција на заловувања.

**Табела 3. Статус на заловени кучиња, по завршен третман поделени според категории**

| Категорија | Вратени на терен (Излез) | Вдомени | Угинати | Евтаназија |
|---|---|---|---|---|
| **Ново заловени** | 86 | 38 | 8 | 16 (12 Лешманија + 4 социјал.) |
| **Повторно заловени** | 13 | 27 | 1 | 0 |
| **Со сопственик** | 18* вратени на сопственик | / | / | / |

**За кучињата со сопственик се спроведува законска процедура во соработка со АХВ (Опомена, парична казна, Наплата на трошок за заловување и престој во прифатилиштето дадека се спроведе постапката со АХВ)*

**Табела 4. Број на извршени стерилизации по месеци**

| **Месец** | **Број на извршени кастрации/стерилизации** | **Процент од вкупниот годишен обем** |
|---|---|---|
| **Јануари** | **7** | **4.8%** |
| **Февруари** | **6** | **4.1%** |
| **Март** | **10** | **6.8%** |
| **Април** | **14** | **9.6%** |
| **Мај** | **7** | **4.8%** |
| **Јуни** | **18** | **12.3%** |

| | | |
|---|---|---|
| **Јули** | **18** | **12.3%** |
| **Август** | **4** | **2.7%** |
| **Септември** | **13** | **8.9%** |
| **Октомври** | **5** | **3.4%** |
| **Ноември** | **10** | **6.8%** |
| **Декември** | **34** | **23.5%** |
| **ВКУПНО во 2025 година** | **146** | **100%** |
| **Јануари 2026 стерилизирани бездомни кучиња заловени во 2025 година** | **8** | **-** |
| **Вкупно стерилизирани** | **154** | **-** |

**Најефективен период:** Месец **декември** бележи рекордна активност со 34 извршени процедури, што претставува повеќе од **22%** од вкупниот годишен ангажман. Ова укажува на интензивирање на работата на крајот од годината за целосно исполнување на Програмата.

Во табелата погоре вметнат е и податокот за стерилизираните бездомни кучиња за извршените серилизации на заловените во декември 2025 година во меесецот јануари од 2026 година.

Сите бездомни кучиња кои се заловени во текот на оваа 2025 година се третирани, односно извршен медицински преглед при прием, прочистени од надворешни и внатрешни паразити, стерилизирани/кастрирани. За време на целиот период на престој во Стационарот ја имаа потребната нега и грижа од страна на нашите вработени. По завршениот третман која трае од 20 до 30 дена заловените бездомни кучиња се враќаат на место на заловување.

Важен дел од овој извештај е **состојбата на стационарот на преминот од 2025 во 2026 година**. Овие бројки ни помагаат да ја утврдиме пополнетоста на капацитетите на последниот ден од декември.

Состојба во Стационарот на 31.12.2025 = 37 кучиња, кои се заловени во Општина Струмица

**Структура на овие 37 кучиња заловини во Општина Струмица**

- **21 кучиња** – Останати под медицински надзор до завршување на комплетен третман заловени во декември а вратени во јануари 2025 година Планирани и вратени во 2026 јануари
- **8 кучиња** –стерилизирани во јануари 2026 и планиррани за враќање на терен во јануари 2026
- **8 кучиња** - останати во Стационар заловени во 2025 за понатамошен медицински третман /постапка

Вклучувањето на податоците од јануари 2026 во овој февруарски извештај овозможува „затворање“ на отворени “предмети” досиеа на бездомни кучиња од претходната година.

**Транспарентност:** Јасното разграничување на кучињата кои се вратени во јануари 2026 ја потврдува прецизноста на евиденцијата и грижата на општината за хуман третман на бездомните кучиња до самиот крај на процесот.

**Табела 5. Активности во јануари 2026 година**

| **Опис на активност** | **Број на кучиња** | **Статус** |
|---|---|---|
| **Стерилизирани во Јануари (заловени во декември 2025)** | **8** | Заокружен медицинаски третман за 2025 |
| **Вдомени во јануари 2026 од заловените во 2025** | **4** | Евиденција за заловените кучиња во 2025 |
| **Вратени на терен во јануари 2026 година од заловените во 2025** | **23** | Евиденција за заловените кучиња во 2025 |
| **Заловени бездомни кучиња јануари 2026** | **34** | Почеток нова програма 2026 |
| **Заловени со сопственик кучиња во јануари 2026** | **5** | Почеток нова програма 2026 |
| **Стерилизирани во Јануари (ново заловени 2026)** | **24** | Почеток на нова програма 2026 |

**Заокружување на циклусот од 2025 година и почеток на новата програма (Јануари 2026)**

Јануари 2026 година започна со успешно финализирање на обврските пренесени од претходната година:

**Медицински третман:** Стерилизирани се **8 кучиња** заловени во декември 2025 година, со што целосно е заокружен медицинскиот третман за таа година.

**Вдомување:** Од кучињата заловени во 2025 година, **4 се веќе вдомени** во првиот месец од новата година.

**Хумано враќање:** Дури **23 кучиња** од претходната година се вратени на нивните матични локации по завршување на третманот.

Новата година започнува со висок интензитет:

**Нови заловувања:** Веќе се заловени **34 бездомни кучиња** и **5 кучиња со сопственик.**

**Брза медицинска реакција:** Од новозаловените во 2026 година, веќе се стерилизирани **24 кучиња**. Ова покажува одличен сооднос меѓу заловувањето и медицинскиот третман уште на самиот почеток.

Постои јасен **оперативен континуитет**. - јануари 2026 покажува дека капацитетите се веќе синхронизирани — истовремено се затвораат старите предмети и се процесираат новите со брзо темпо (70% од новозаловените се веќе стерилизирани во истиот месец).

## СТРАТЕШКИ ЕФЕКТИ, ОПЕРАТИВНИ УСПЕСИ И ХУМАН ПРИСТАП ВО КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА И ВДОМУВАЊЕ НА КУЧИЊА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2025

1. **Стратешки ефект - ефикасност на Методот - Заловување третман - стерилизација врќање на место на заловување:** Преку извршените **146 стерилизации** Стационарот успешно го реализираше планот за контрола на популацијата. Овој број директно влијае на намалувањето на бројот на нови кутриња на територијата на општина Струмица.
2. **Оперативен успех во Декември:** Последниот месец од годината беше најинтензивен, со највисок дневен просек на заловување (**1.16**) и најголем број третирани единки, што покажува максимална мобилизација на тимовите.
3. **Хуман пристап и вдомување:** Стапката на вдомување е на високо ниво (**65 кучиња**), што е резултат на залагањето на вработените во Стационарот за промоција на истиот. Посебно е значајно вдомувањето на 4 кучиња кои не го поминале тестот за социјализација, со што им е дадена втора шанса преку одговорно сопственишво.
4. **Сите кучиња кои престојуваат во нашиот Стационар** ги објавуваме на нашата веб страна www.lana.mk на листа за вдомување каде што секој граѓанин може да ги види, контактира со нас, да не посети и се

надеваме да си вдоми бездомно куче. Да подари шанса на овие кученца.

5. **Транспарентност и законска регулатива:** Справувањето со 18-те сопственички кучиња во соработка со АХВ инспекторите ја потврдува улогата на стационарот во воведувањето ред и кај сопственичкото држење кучиња.
6. **Пријавите на граѓаните за кучињата за напад или каснување** - критична точка која бара поголема соработка со МВР и ветеринарните инспектори и Инспекциските служби на Општина Струмица, како и соработка со Овластениот комунален инспектор, Овластен инспектор за животна средина и членови на Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарна заштита при општина Струмица во 2026 година.
7. **Тестот за социјализација** го врши овластено лице од Ветеринарниот факултет Скопје кое е регистрирано во Информациониот систем на Агенцијата за храна и Ветеринарство.
8. **Тестот за лајшманиоза** - заразна зоонозна болест – која може да се пренесе и на луѓето а за која нема регистрирано лек во Република Северна Македонија, се извршува со акредитирана метода при Ветеринарниот факултет во Скопје, со кој Стационар Лана Струмица има склучено договор согласно јавен оглас за јавна набавка на услуги.

Следуваат и евиденцијата на активностите од заловувањата во Општините со кои Стационар Лана Струмица има склучено договори за заловување и стручен третман на бездомните кучиња

Во ***општина Дојран*** заловени се 16 бездомни кучиња, од кои 4 се женски пол а 12 се машки пол.

Извршени се 12 кастрации/стерилизации. 4 (четири) од овие заловени бездомни кучиња, на територијата на Општина Дојран се евтаназирани поради позитивен тест на лајшманиоза - заразна зоонозна болест, за која нема регистрирано лек во Република Северна Македонија – согласно Годишната наредба за здравствена заштита, донесена од Агенцијата за храна и иветеринарство на Република Северна Македонија, две се вдомени и 10 вратени на место на заловување.

***Општина Богданци*** има заловено вкупно 13 бездомни кичиња, од кои 8 се женски пол а 5 машки пол. Извршени се 8 кастрации. Позитивни на тест за леишманија 1 бездомно куче. Вдомено 1 бездомно куче и вратени на терен 11 бездомни сега третирани и со идентификациони обележја (ушна маркица и индтификационен микрочип.

***Во Општина Валандово*** во 2025 година, заловени се вкупно 10 бездомни кучиња. Од нив 4 бездомни кучиња се машки пол, а 6 бездомни кучиња се женски пол. Извршени се 7 кастрации//стрилизации. Едно од нив беше позитивно на тестот за леишмаинија и е евтанизирано. Вдомени од општина Валандови име 1 бездомно куче. Во моментот во нашето прифатилиште има 2 бездомни кучиња кое сеуште го немат завршено соодветниот третман. Вратени на местото на заловување се 6 бездомни кучиња.

Во ***општина Радовиш*** заловени се 46 бездомни кучиња од кои 26 се од женски пол а 20 се од машки пол. Извршени се 42 кастрација стерилизација. Излез од прифатилиштето во местото на заловување во Општина Радовиш е направено на 41 бездомни кучиња. Три бездомни кучиња се вдомени. Едно евтанизирано поради позитивен тест на лајшманиоза - заразна зоонозна болест, за која нема регистрирано лек во Република Северна Македонија. Тестот е извршен со акредитирана метода при Ветеринарниот факултет во Скопје, со кој Стационар Лана Струмица има склучено договор согласно јавен оглас за јавна набавка на услуги. Бројот на угинати кучиња е 1.

**Заклучок**

Работата на ЈПЗБК Стационар-Лана претставува значаен придонес за хуманото решавање на проблемот со бездомни кучиња во Општина Струмица и Општините со кои ЈПЗБК Стационар Лана има склучено договор за заловување и стручен третман на популацијата на бездомните кучиња.

Со акцент на стерилизација, кастрација и вдомување, стационарот обезбедува долгорочна контрола на популацијата и подобрување на условите за живот на животните. Соработката со граѓаните и институциите е суштинска за постигнување трајни резултати и зајакнување на културата на одговорно сопственишто.

| МЕСТО | ПРВО ЗАЛОВЕНИ | ОД КОИ ПОЛ МАШ. | ОД КОИ ПОЛ ЖЕНС. | ВКУПНО КАСТАРАЦИИ 2025 | ИЗЛЕЗ НА МЕСТО НА ЗАЛОВУВА-ЊЕ РЕОН/2025 | ВДОМЕНИ 2025 | ЗАБОЛЕНИ ЛЕИШМАНИ-ЈА И ЕВАТНИ. | НЕ ПОЛОЖИ ТЕСТ ЗА СОЦИЈА-ЛИЗАЦ. | НЕ ПОЛОЖИ ТЕСТ ЗА СОЦИ-ЈАЛИЗАЦ. ЕВАНИЗИРАНИ | УГИНАТИ ВО ПРИФАТ. | Состојба на кучиња во Стационарот заклучно со 31.12.2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2025 | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ | БРОЈ |
| ОПШТИНА СТРУМИЦА Прв пат заловени | 177 | 100 | 77 | 146 | 86 | 38 | 12 | 8 | 4 | 8 | 29 |
| ОПШТИНА СТРУМИЦА Повторно заловени И ЗАЛОВЕНИ СО СОПСТЕНИК | 49+18 СО Сопственик =67 Вкупно 244 | 28 | 37 | / | 13 ИЗЛЕЗ ПОВТОРНО<br>18 ВРАТЕНИ СОПСТВЕНИК | 27 | / | / | / | 1 | 8 |
| ОПШТИНА РАДОВИШ | 46 | 20 | 28 | 42 | 41 | 3 | 1 | / | / | 1 | / |
| ОПШТИНА ВАЛАНДОВО | 10 | 4 | 6 | 7 | 6 | 1 | 1 | / | / | / | 2 |
| ОПШТИНА ДОЈРАН | 16 | 12 | 4 | 12 | 10 | 2 | 4 | / | / | / | / |
| ОПШТИНА БОГДАНЦИ | 10+3 со МЧ =13 | 5 | 8 | 8 | 11 | 1 | 1 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО СЕ** | **329** | **169** | **160** | **215** | **185** | **72** | **19** | **8** | **4** | **10** | **39** |
| | | | | | | | | | | | |

ЈПЗБК Стационар Лана Струмица
В.Д. Директор
Томе Михаилов

---